Комора на Република Северна Македонија
за приватно обезбедување
Бр. 02 - 503/1
30.06. 2022 год.
СКОПЈЕ

Согласно член 32 од Статутот на Комората на Република Северна Македонија за приватно обезбедување, Надзорниот Одбор на Комората на 30.06.2020 год, го поднесува до Собранието на Комората следниот

**ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА МАТЕРИЈАЛНОТО И ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ НА КОМОРАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА ПРИВАТНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ**

Материјалното и финансиско работење на Комората и начинот на користење на средствата на Комората за 2019 год. пред Надзорниот Одбор на Комората ги образложи сметководителот на Комората Ленче Попчева (од фирмата Екостеп), а врз основа на изготвената и предадена завршна сметка на Комората за 2019 година.

Надзорниот Одбор го прифати извештајот изготвен од страна на фирмата Екостеп и појаснет од страна на сметководителот Ленче Попчева и истиот го презентира на редовната годишна седница на Собрание на Комората, а истиот се однесува на презентирање на финансиските показатели за минатата 2019 година година како следи:

Вкупните приходи за 2019 год. на Комората на РМ за приватно обезбедување изнесуваат 47.258.037,00 денари и тие се остварени по различни основи и од пренесени приходи од минати години.

Материјални и функционални расходи и расходи за плати и надоместоци за 2019 год. во висина од вкупно 24.757.304,00 ден. се направени врз основа на позитивните законски прописи, планови и програма за работа на Комората донесени од Собранието и по одлуки на Управен Одбор.

Оттука, Комората на Република Северна Македонија за приватно обезбедување во 2019 год. реализираше четири проекти во форма на пишани дела и стручна литература за дејноста: Прирачник Заштита при терористички напади (бр. 02-489 од 02.09.2019), пишано дело Приватниот безбедносен сектор во Југоисточна Европа, случај Македонија, БиХ и Хрватска (бр. 02-278/1 од 09.04.2019), истражување за дејноста со наслов Правци за иден развој на приватната безбедност во Република Северна Македонија (бр. 02-274/1 од 09.04.2019) и студија со наслов Безбедноста на Домот преку приватното обезбедување и превенција на ризици (бр. 02-272/1 од 09.04.2019), за кои подетално е елаборирано во Извештајот за работа на Комората за 2019. Меѓутоа од аспект на

финансиски апликации наведените активности се реализирани со поединечни одлуки за сопствено финансирање во вкупен износ од 2.212.000,00 ден.

Понатаму, со одлуки на Управен Одбор во 2019 Комората беше покровители на две меѓународни конференции: во соработка со Факултетот за безбедност од Скопје (бр. 02-275/2 од 09.04.2019) и Институтот за безбедност, одбрана и мир (бр.02-276/1 од 09.04.2019) и меѓународна летна школа во соработка со Факултетот за безбедност од Сараево, БиХ (бр. 02-275/1 од 09.04.2019). Дополнително беше реализирано учество и на Адриа Секјурити Самитот во Скопје во рамки на кој беше одбележана и Кампањата Денови на приватно обезбедување 2019 (бр. 02-277/1 од 09.04.2019 и бр.02-488 од 02.09.2019). Наведени проекти се реализирани со сопствено финансирање на Комората во вкупен износ од околу 540.000,00 ден.

Во 2019 год. Во Комората имаше вкупно 845 кандидати за оспособување за физичко и техничко обезбедување што е за 283 помалку во споредба со 2018 год. Но од друга страна во Комората имаше 193 кандидати за полагање на стручен испит повеќе и издадени се околу 60 легитимации повеќе во споредба со 2018 год.

Во месец јуни 2019 год. Комората го исплати во целост краткорочниот кредит во висина во 3.000,000,00 ден, од Капитал банака, а во однос на долгорочниот кредит кој е со рок до 2024 год, заклучно со 31.12.2019 останати се уште 71 рата или 6.754.817,00 ден. Истовремено, навремено се сервисирани сите останати тековни оврски.

Дополнително стабилноста во финансиското работење на Комората е обезбедена со Одлуката за депозит од 6.000.000,00 ден, во Капитал Банка и тековни парични средства за идни инвестиции и работа на Комората во проекти значајни за развој на дејноста приватно обезбедување.

По основ на сите даночни линии: ДДВ, Персонален данок, придонеси и даноци за вработени, данок на имот за 2019 год. Комората исплатила средства во висина од 7.906.012,00 денари или околу 128.553 €.

Вработените во стручната служба на Комората изготвиле попис за 2019 год. изготвени се 7 пописни листи:

- ПОПИС НА ДОЛГОРОЧНИ МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА,
- ПОПИС НА ОБВРСКИ КОН ДОБАВУВАЧИ
- ПОПИС НА ПОБАРУВАЊА ОД КУПУВАЧИ
- ПОПИС НА ПАРИЧНИ СРЕДСТВА,
- ПОПИС НА ОБВРСКИ КОН ДРЖАВАТА,

- ПОПИС НА КРЕДИТИ и
- ПОПИС НА ОРОЧЕНИ СРЕДСТВА

30.06.2020 год. Скопје

**НАДЗОРЕН ОДБОР**

- ИГОР АНГЕЛКОВСКИ ______________________
- МЕТОДИЈА СИЧКОВ ______________________
- БЛАГОЈ ПЕЈЧИНОВСКИ ______________________

Комора на Република Северна Македонија за приватно обезбедување • СКОПЈЕ •